**2010033578**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 март 2010 година.

Бр. 07-1059/1
3 март 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008 и 92/2008), членот 11 се менува и гласи:

„Средно училиште може да се основа, ако:

- постојат потреби на општината, градот Скопје, односно државата од одреден вид кадри,
- се донесени наставни планови и програми за воспитно-образовна работа,
- се обезбедени соодветни простории и опрема за остварување на средното образование,
- со финансиски план е обезбедено одржливо ниво на финансирање најмалку за една генерација на ученици во училиштето,
- е обезбеден потребен број лица кои ги исполнуваат условите утврдени за наставници и стручни соработници во средното образование, кои дале изјава дека ќе се пријават на јавниот оглас и дека ќе засноваат работен однос, ако на јавниот оглас бидат избрани и
- се исполнети и другите услови кои се утврдени со нормативите и стандардите за основање на средно училиште заради вршење на средно образование.

Условите од ставот 1 алинеи 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член важат и при основање на приватно средно училиште.

Нормативите и стандардите од ставот 1 алинеја 6 на овој член за основање на средно училиште ги донесува министерот надлежен за вршење на работите од областа на образованието (во натамошниот текст: министерот), на предлог на Бирото за развој на образованието.“



www.pravdiko.com

Член 2

По членот 11 се додаваат три нови члена 11-а, 11-б и 11-в, кои гласат:

„Член 11-а

Покрај условите утврдени во членот 11 од овој закон, за основање на приватно средно училиште основачот треба да приложи банкарска гаранција дека ќе биде во состојба да ги надомести средствата кои учениците ги уплатиле на приватното средно училиште кое престанало со работа и другите трошоци кои ќе ги имаат учениците заради префрлувањето во друго средно училиште во земјата.

Висината на банкарската гаранција од ставот 1 на овој член ја утврдува министерот во зависност од бројот на предложените паралелки во елаборатот за основање, како и од висината на надоместокот кој се уплаќа за школување.

Основачот на приватното средно училиште кон барањето одобрение за основање на приватно средно училиште доставува и наставни планови и програми усогласени со Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит.

Член 11-б

Постапката за основање средно училиште започнува со доставување на барање за одобрение за основање на средно училиште со елаборат за основање и предлог основачки акт за основање на средно училиште.

Член 11-в

Елаборатот за основање на средно училиште особено ги содржи: податоците за основачот, видот, односно видовите на средното образование кое ќе се остварува во средното училиште, наставните планови и програми, бројот на паралелки, просторните услови и опрема за остварување на средното образование, изворот на финансиските средства за вршење на средното образование, можноста за обезбедување на потребниот број наставници и стручни соработници кои можат да бидат вработени во средното училиште и план за начинот на кој ќе бидат исполнети другите услови кои се утврдени во нормативите и стандардите за основање на средно училиште.

Барањето за одобрение за основање на средно училиште со елаборатот за основање на средно училиште и предлог основачки акт за основање на средно училиште се доставува до Министерството.

За утврдување на исполнетоста на условите од членовите 11 и 11-а на овој закон министерот формира комисија составена од претставници од Министерството и Државниот просветен инспекторат.

За наставните планови и програми од ставот 1 на овој член дава мислење Бирото за развој на образованието, односно Центарот за стручно образование и обука.“

Член 3

Членот 12 се менува и гласи:

„Одлука за давање одобрение за основање на приватно средно училиште донесува Владата по претходно мислење од Министерството, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, доколку се исполнети условите утврдени во членот 11 став 1 алинеи 2, 3, 4, 5 и 6, како и условите од членот 11-а на овој закон.“

Член 4

Во членот 13 по зборот „одобрение“ се додаваат зборовите: „за основање на приватно средно училиште“.



www.pravdiko.com

Член 5

По членот 13 се додава нов член 13-а кој, гласи:

„Член 13-а

По донесувањето на одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште, основачот донесува основачки акт, според предлогот на основачкиот акт од членот 11-б на овој закон кој бил приложен кон барањето на одобрение за основање на приватно средно училиште.“

Член 6

Во членот 15 став 1 алинеја 2 броевите: „2, 3 и 4“ се заменуваат со броевите: „2, 3, 4, 5 и 6“.

Член 7

По членот 15 се додава нов член 15-а, кој гласи:

„Член 15-а

Кога основачот ќе утврди дека престанала потребата од приватното средно училиште, или не е во состојба да ја финансира неговата дејност, го известува за причините органот на управување на приватното средно училиште и другите соосновачи или содружници или акционерите кога основач е правно лице и им дава рок од најмалку 30 дена да одлучат дали приватното средно училиште ќе продолжи да работи со обезбедување на сопствени извори на финансиски средства, односно дали финансирањето на приватното средно училиште ќе го преземе еден од соосновачите, ако приватното средно училиште го основале два или повеќе основачи, или некој од содружниците или акционерите, ако основач на приватното средно училиште е едно правно лице.

Ако органот на управување, односно соосновач, содружник или акционер од ставот 1 на овој член го извести основачот дека не постојат услови за вршење на воспитнообразовната дејност со сопствени извори на финансирање или со средства на еден од основачите, односно содружник или акционер, основачот донесува одлука за престанок на приватното средно училиште. Во одлуката основачот е должен да го утврди начинот на кој учениците ќе го продолжат средното образование.

Ако средствата што основачот ги обезбедил за извршување на дадените гаранции не се доволни за остварување на правото на учениците да го продолжат школувањето, основачот за исполнување на дадените гаранции одговара неограничено со целиот свој имот.

По донесувањето на одлуката за престанок, односно одземање на одобрението за основање на приватното средно училиште, министерот донесува решение за негово бришење од Централниот регистар за средни училишта и поднесува барање за бришење на приватното средно училиште од Централниот регистар.

Во случај на престанок на приватното средно училиште кога е исполнет условот од ставот 2 на овој член, или кога е одземено одобрението за основање на приватно средно училиште, министерот ќе донесе решение со кое ќе обезбеди завршување на учебната година на учениците во приватното средно училиште кое е во ликвидација или префрлување на учениците во друго средно училиште во земјата. Со решението ќе се активира и банкарската гаранција која ја дал основачот за да можат да се надоместат средствата кои учениците ги уплатиле на приватното средно училиште кое престанало со работа и другите трошоци кои ќе ги имаат учениците заради завршување на учебната година или префрлање во друго средно училиште.“



www.pravdiko.com

Член 8

Членот 16 се менува и гласи:

„Приватното средно училиште може да престане со стечај согласно со Законот за стечај.

Банкарската гаранција што согласно со овој закон ја дава основачот на приватното средно училиште не влегува во стечајната маса и се користи исклучиво за намената за која е дадена согласно со овој закон.

Ако средствата од гаранцијата што согласно со овој закон ја дал основачот на приватното средно училиште и средствата од стечајната маса не се доволни за надомест за средствата што учениците ги уплатиле на приватното средно училиште кое престанало со работа и на другите трошоци што ќе ги имаат учениците заради префрлувањето во други средни училишта во земјата, основачот одговара неограничено со целиот свој имот согласно со Законот за стечај и Законот за установите.“

Член 9

Во членот 21 ставот 1 се менува и гласи:

„Со наставните планови (во натамошниот текст: планови) и наставните програми (во натамошниот текст: програми) се уредуваат целите, наставните подрачја, теми и содржини, образовните стандарди и профилот на наставникот кој ја реализира наставата.“

Ставот 2 се брише.

Во ставот 3 кој станува став 2 по зборовите: „развој на образованието“ се додаваат зборовите: „и Центарот за стручно образование и обука".

Ставот 4 станува став 3.

Член 10

Во членот 29-а став 1 зборовите: „Јавното средно“ се заменуваат со зборот „Средното“, а зборот „трета“ се заменува со зборот „втора“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„За обезбедување квалитет на наставата училишниот одбор на секои четири години донесува програма за развој на училиштето, во која се земени предвид резултатите од самоевалуацијата спроведена од страна на училишната комисија во соработка со Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, советодавната и стручната помош од Бирото за развој на образованието, препораките од извештајот од интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат, како и резултатите од екстерната евалуација содржани во годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соботници од страна на Државниот испитен центар.“

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето го доставува до Државниот испитен центар.“

Во ставот 3 кој станува став 4 зборовите: „јавните средни“ се заменуваат со зборот „средните“.

Член 11

Во членот 42 став 7 по зборот „натпревари“ се става запирка и се додаваат зборовите: „резултатите од екстерното проверување запишани во свидетелство за завршена година“.

Член 12

Во членот 45 ставовите 2, 3, 4, 5 и 6 се бришат.



www.pravdiko.com

Член 13

По членот 45 се додаваат три нови члена 45-а, 45-б и 45-в, кои гласат:

„Член 45-а

Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците се врши со интерно и со екстерно проверување.

Ученикот има обврска на интерно и екстерно проверување на напредокот и постигањето на начин утврден со овој закон.

Интерното проверување на постигањето на успехот на учениците го вршат континуирано наставниците во училиштето според стандарди кои ги утврдува министерот на предлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука.

Екстерното проверување се врши на крајот на секоја наставна година, освен за учениците во завршната година на средното образование, за кои екстерното проверување се врши по завршувањето на првото полугодие најдоцна до крајот на февруари во тековната учебна година.

Екстерното проверување го врши училишна комисија составена од пет члена: директор, стручен соработник и тројца наставници од училиштето.

Начинот на формирање и работење на училишната комисија, тајноста на материјалот за екстерно проверување, начинот и постапката на проверување на тестовите од училишната комисија, формата и содржината на извештајот ги пропишува министерот по предлог на Државниот испитен центар.

Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците се врши со тестови кои ги изготвува Државниот испитен центар на прадлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука.

Екстерното проверување на постигањето на учениците од ставот 4 на овој член се врши по четири наставни предмети согласно со наставниот план, а врз основа на генерален распоред и правила изготвени од страна на Државниот испитен центар.

Врз основа на генералниот распоред од ставот 8 на овој член, училишната комисија подготвува интерен распоред по паралелки, наставни предмети и наставници за спроведување на екстерното проверување во училиштето. Интерниот распоред го усвојува наставничкиот совет на училиштето.

Резултатите од екстерното проверување на напредокот и постигањето на успехот на ученикот од ставот 4 на овој член не влијаат на општиот успех на ученикот, односно на неговите оценки. Резултатите од екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците училиштето ги запишува во свидетелството за завршена година.

Резултатите запишани во свидетелството од ставот 10 на овој член се еден од критериумите за запишување на ученикот во високообразовна установа.

Училишната комисија доставува извештај за спроведеното екстерно проверување до Државниот испитен центар.

Приватното средно училиште спроведува екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците и за истото само ги сноси трошоците. Висината на трошоците ја утврдува министерот врз основа на реално направените трошоци.

Член 45-б

Училишната комисија е должна согласно со генералниот распоред од членот 45-а став 8 на овој закон да организира дополнителен термин за екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците кои поради болест или други оправдани причини не биле во можност екстерно да бидат проверени.

Начинот на организирање и спроведување на екстерното проверување ги пропишува министерот по предлог на Државниот испитен центар.

Член 45-в

Ученикот или родителот има право да поднесе писмен приговор до училишната комисија и да направи увид на тестот од членот 45-а став 7 на овој закон во рок од три дена од денот на соопштувањето на резултатите.

Ако училишната комисија утврди разлика меѓу објавениот резултат и резултатот содржан во тестот од ставот 1 на овој член го зема како конечен резултатот содржан во тестот и за тоа го информира Државниот испитен центар.

Училишната комисија во рок од три дена од денот на добивањето на приговорот од ставот 1 на овој член е должна да одлучи по приговорот."

Член 14

Во членот 60 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„На јавниот оглас од ставот 1 на овој член може да се пријави и лице без положен стручен испит и да заснова работен однос на определено време до крајот на учебната година.

Без положен стручен испит не може да се заснова работен однос на неопределено време."

Ставот 3 станува став 5.

Член 15

Во членот 62 ставот 1 се менува и гласи:

„Наставник во средно училиште може да заснова работен однос на определено време и доколку:

- на јавен оглас не може да се избере наставник кој ги исполнува условите од нормативот за наставен кадар во средното образование или
- обемот на работата изнесува најмногу половина од работното време во работната недела утврдена со закон."

Член 16

Во членот 68 став 1 зборот „јавното" се заменува со зборот „средното". По ставот 2 се додаваат четири нови става 3, 4, 5 и 6, кои гласат:

„Министерот во соработка со Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Државниот испитен центар донесува годишна програма за професионално усовршување и напредување на наставниците и стручните соработници.

За професионалното усовршување и оспособување на секој наставник и стручен соработник во училиштето се води професионално досие.

Формата, содржината и начинот на водењето на професионалното досие го пропишува министерот по предлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука.

Начинот на собирање на резултатите од евалуациите од членот 69 став 16 на овој закон врз основа на кое се врши напредувањето на наставниците и стручните соработници го пропишува министерот по предлог на Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, Државниот испитен центар и Државниот просветен инспекторат."

Ставовите 3, 4, 5 и 6 стануваат ставови 7, 8, 9 и 10.



www.pravdiko.com

Член 17

Членот 69 се менува и гласи:

„Наставниците и стручните соработници во средното училиште се усовршуваат, оспособуваат и напредуваат во звања.

Наставникот и стручниот соработник кој за прв пат се вработуваат во образование се со звање наставник-приправник и стручен соработник-приправник.

Наставник-приправник може да напредува во звањата наставник, наставник-ментор и наставник-советник.

Стручниот соработник-приправник може да напредува во звањата стручен соработник, стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник.

Напредување на наставниците и стручните соработници во звањата наставник, наставник-ментор, стручен соработник и стручен соработник-ментор го врши училишна комисија која ја формира директорот на училиштето.

Комисијата од ставот 5 на овој член е составена од пет наставници, педагог, односно психолог во училиштето, еден родител, директорот на училиштето, член на училишниот одбор кој е претставник од основачот, советник од Бирото за развој на образованието и советник од Центарот за стручно образование и обука.

Наставниците за членови во Комисијата од ставот 6 на овој член ги избира наставничкиот совет во училиштето, родителот го избира советот на родители на училиштето, а членот од училишниот одбор го избира училишниот одбор.

При напредувањето на наставниците и стручните соработници во соодветното звање од ставот 5 на овој член, училишната комисија кај јавните средни училишта, односно органот утврден од основачот кај приватните средни училишта, задолжително ги зема предвид резултатите од екстерното проверување, самоевалуацијата и интегралната евалуација содржани во Националниот извештај за работата на наставниците и стручните соработници.

Наставникот и стручниот соработник кој е незадоволен од извршениот избор за напредување во звање согласно со ставот 5 од овој член има право на приговор до училишниот одбор кај јавните средни училишта, односно органот утврден од основачот кај приватните средни училишта во рок од осум дена од денот на објавувањето на списокот на наставници и стручни соработници кои напредуваат во звање.

Напредувањето на наставниците и стручните соработници во звањата наставник-советник и стручен соработник-советник го врши комисија која ја формира министерот.

При напредувањето на наставниците и стручните соработници во соодветното звање од ставот 10 на овој член, комисијата формирана од министерот задолжително ги зема предвид резултатите од екстерното проверување, самоевалуацијата и интегралната евалуација содржани во Националниот извештај за работата на наставниците и стручните соработници.

Наставникот и стручниот соработник кој е незадоволен од извршениот избор за напредување во звање согласно со ставот 10 од овој член има право на приговор до Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на образованието, науката и културата (образование, наука, култура, архивска дејност, спорт и информации) при Владата на Република Македонија, во рок од осум дена од денот на објавувањето на списокот на наставници и стручни соработници кои напредуваат во звање.

Средното училиште по завршувањето на секоја четврта учебна година може да врши напредување од најдобрите вработени од редот на наставниците и стручните соработници во секое од звањата од ставот 5 на овој член и може да предложи од најдобрите вработени од редот на наставниците и стручните соработници да напредуваат во звањата од ставот 10 на овој член на предлог на наставничкиот совет.



www.pravdiko.com

Напредувањето на најдобрите наставници и стручни соработници се врши согласно со резултатите од екстерното проверување, самоевалуацијата и интегралната евалуација содржани во Националниот извештај за работата на наставниците и стручните соработници.

Наставник и стручен соработник може да напредува во следното звање по четири години на начин утврден со овој закон.

Платата на наставникот и на стручниот соработник е според стекнатото звање. Платата на наставникот може да се зголеми или намали зависно од резултатите од екстерното проверување, самоевалуацијата и интегралната евалуација. Платата на стручниот соработник може да се зголеми или намали зависно од евалуацијата на професионалното досие. Исплатата на плата според стекнатото звање започнува од 1 јануари наредната година по објавувањето на Националниот извештај за работа на наставници и стручни соработници. Овој став се применува само во јавните средни училишта.

Начинот на стручното усовршување, оспособување и напредување на наставниците и стручните соработници во звањата од ставовите 3 и 4 на овој член го пропишува министерот, по предлог на Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар и Државниот просветен инспекторат.“

Член 18

Во членот 70 по ставот 4 се додаваат два нови става 5 и 6, кои гласат:

„Директорот врз основа на негативните резултати од екстерното проверување, самоевалуацијата и интегралната евалуација содржани во Националниот извештај за работата на наставниците и стручните соработници од членот 69 став 8 на овој закон донесува акт за престанок на работниот однос на наставникот и стручниот соработник.

Против актот на директорот од ставот 5 на овој член наставникот и стручниот соработник може да поднесе тужба до надлежен суд.“

Член 19

Членот 70-а се менува и гласи:

„Врз основа на резултатите од екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците од членот 45-а на овој закон се оценува објективноста и професионалноста на наставникот во вреднувањето на постигнувањата на успехот на ученикот.

На наставник и стручен соработник кои се наоѓаат во групата на наставници и стручни соработници кои покажуваат најслаби резултати од екстерната евалуација содржани во годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници се обезбедува соодветна стручна помош.

На наставник и стручен соработник за кои Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука или Државниот просветен инспекторат утврдиле дека и по една година од добивањето на стручната помош, повторно ќе биде во групата на наставници и стручни соработници на кои им е потребна стручна помош, ќе му биде намалена платата во висина од 10% од последната исплатена плата, во траење од една година.

Решението за намалување на платата на наставникот и стручниот соработник од ставот 3 на овој член го донесува директорот на училиштето врз основа на негативните резултати од екстерната евалуација содржани во годишниот извештај за работата на наставниците и стручните соработници.

Решението од ставот 4 на овој член се доставува до Министерството до 31 август од тековната година, а ќе започне да се применува од јануари наредната година.“



www.pravdiko.com

Член 20

Во членот 89 став 1 алинеја 8 зборовите: „81 став 1“ се заменуваат со зборовите: „70 ставови 1 и 2“.

Член 21

Во членот 89-а став 1 алинеја 8 зборовите: „81 став 1“ се заменуваат со зборовите: „70 ставови 1 и 2“.

Член 22

Во членот 92 став 1 по зборот „училиште“ се става запирка и се додаваат зборовите: „односно органот на раководење на приватното средно училиште“.

Во ставот 2 по алинејата 3 се додаваат две нови алинеи 4 и 5, кои гласат:

„- формира и раководи со училишната комисија за екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците и

- врши контрола врз начинот на водењето на професионалните досиеја утврдени во членот 68 став 4 од овој закон.“

Член 23

Во членот 93 алинејата 7 се менува и гласи:

„- аko три години во текот на неговиот мандат најмалку 10% од наставниците и стручните соработници вработени во училиштето се најдат во групата на наставници и стручни соработници кои покажуваат најслаби резултати од екстерното проверување содржани во годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници.”

Член 24

Во членот 96 став 1 по алинејата 2 се додаваат три нови алинеи 3, 4 и 5, кои гласат:

„- го усвојува интерниот распоред за екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците,

- го разгледува годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници и Националниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници и предлага соодветни мерки,

- дава предлози за напредување на наставниците и стручните соработници во училиштето,“.

Алинеите 3, 4, 5, 6 и 7 стануваат алинеи 6, 7, 8, 9 и 10.

Член 25

Подзаконските акти предвидени со овој закон министерот ќе ги донесе во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 26

Одредбите од овој законот кои се однесуваат на екстерното проверување на напредокот и постигањето на успехот на учениците во средното образование ќе се применуваат од учебната 2010/2011 година.

Член 27

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за средното образование.

Член 28

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



www.pravdiko.com